
Горан Иванов Крстевски
Јас Јуриј Г.

ТЕМПЛУМ

дизајн на кориците: Кома

графичко уредување: Кома

Издавач:  ТЕМПЛУМ (Кома)

**CIP** - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

**821.163.3-1**
КРСТЕВСКИ, Горан Иванов
Јас Јуриј Г. / Горан Иванов Крстевски. -  Скопје:
Темплум, 1999. - 25 стр.; 15 см. илустр. - (Темплум)
Белешка за авторот: стр.25
ISBN 9989-902-00-3

Горан Иванов Крстевски

# Јас Јуриј Г.

Темплум
Скопје, 1999

[illegible]

[illegible]

[illegible]

## Л. К. Бр. 170234

здраво
јас сум Хани Манила
јунак со расипан рајат
јас сум
од татко Тото Манила
од мајка Хана Манила
и покрај сé
за моите луѓе во мојата земја
јас важам
за голем херој
народен

## БРОДЕЊЕ

броди овој брод
кон Малезија
ил Мала Азија
капетанот вели нагази ја
вели земи ракија разиена
и ламба газиена
па покажи му го патот
да нема
лом и бродолом

## НЕШТО ОКОЛУ ДУВАЊЕТО

дував
за да здувнам
и здувнував човеку
прописно
и
пристојно
описно
и
прописно
дував
а сега веќе не
кога дувло за дување
се нема
оти ми здувна
кога
и тоа дувна

## ЕКСТАЗИ

их
ебаго
ова слатко
благо не е
ама добро е
а ова е
синтетичка естетика

## НИШТО ЛОШО

дечиња мали
кој и да ве гали
сакајте ме
јас не сум педофил
јас сум СУПЕРХЕРОЈ

## МОЈОТ ЛОШ ФИЛМ

од еден филм
американски
разбрав
дека
кога на дете
ќе му умрел родител
му купувале куче
а
мене
никој ништо
не ми купи

## СЕГА СУМ

каде си сега
            софиски слепецу
знаеш ли дека
не го живеам Пекинг ноќе
            веќе
знаеш ли дека
ова е земја на обоени сенки
знаеш ли дека
сега сум јас
            Брас Кубас
и конечно
знаеш ли дека
ова е уште еден од моите
претсмртни простосмртни записи

## КРУГ

водачот рече
тунел е ова
и светлина се гледа
и радост беше тоа
но не спомена ништо
за напред ил назад
за почеток ил крај
сеедно
радост беше тоа



## КОЈ ТОЈ?

ко бог е тој
ама и јас сум бог
      од бога поголем
и затоа бегам
      и од себе и од тебе
и никого не ставам
      ни на теме
      па камо ли на пета

## БИДИ

не биди
фразер
позер
лузер
биди јунак
јунак јуначиште

## ДЕНЕС

бреме
      ко оро
      ко орото
      ко тешкото
кое и не секогаш тешко е
тук така го викаат
зошто останало
      од век
      за навек
      од пород
      за народ
па да нема изрод
колку што се изроди
      и обнароди

## УСПЕХ

да го опиеш
      успиеш
и убиеш
      опашан
опашан па распашан без опаш
тоа е тоа
успех е тоа
успех
а не блеф

## СЕБЕУБИВАЊЕ

не правдај се безправедно
пеј и само тлеј
барем утрово
        мрази рими
        сакај риби
                макар езерски
сепак
        убиј праведно
                кога убиваш веќе
        убиј без вовед
                и римски водовод

## ОТВОРАЊЕ

подзинав
па зинав
салам
без перис
без перде и срам
па си велам
алал да ми е
време беше
и од мене
дерман и куртул
да немаат
да не имаат
кога вака зинат
веќе ме имаат

## АКО МОЖЕ

зад
онаа планина
велат
планина имало
а зад неа
пак планина
и сега
да прашам ако може
до кога така
зад планината планина

## ЛИКА

бев син
        син и пол
не обичен
        туку необичен
бев и останав
        па преостанав
        и заостанав
за сега да каскам
зошто признавам кога ласкам
        и ете ви го сега
        синот отсинет
        слика лика прилика
        грешка тешка
        грешка жешка
        и ем печатна
и ем отпечатен



## ПАТ

заминав со бус
не оти ми е кус
или оти сум во плус
туку така
      заминав

## РИЕЊЕ

сакам
      да кријам
понајмногу себеси
      да се скријам
за да можам
      да ријам
      така скриен
      подмолно и ништожно
      ситно и ефтино
      и до коска
      и в коска
      сé и секого
      сé и сешто
и само така и тогаш
      празник ми е
      свет светол
      голем најголем
и од мене поголем

## ТОА

и пак
сепак
      што беше тоа...
      што често и вешто
            тажен сум
      што продавам и подавам
            некогаш менувам
            тага за лага
и пак
сепак
      ко нешто да беше тоа...

## ШАХ

по црното
бело доаѓало
значи
не сé е црно
–Прости, но сиво сакам!

## ЗАБОРАВЕН

не осамен
во осама на сама салама
во излог на сонце оставена
            осаламена
            препрчалена
ил очаен
      во очај на чај недопиен
            незасладен
            изладен
туку сам
      ко пес без бес
од сите кучки заборавен
сам ко дрт шут
            тажен

## ЛОВ

впрегнат сум
ко коњ ловџиски
не арабаџиски
ко коњ
во лов
на еребици
      мртви гуски
и врапци други
и тешко ми е
сега в спрега
и стега
аман стега и жега
      и боли
      и пече
аман за аман
      молам
и тежи оти лежи
и лаже некој
      боже
лаже
      крај срце
      до срце
и
само в срце не

## ДОСАДА И ПОВЕЌЕ

аголник некој и некаков
негогаш бев
сега круг сум
и здодевно ми е
ве молам
обликот
вратете ми го
зошто
не ми е само здодевно
и повеќе од тоа ми е

## ВТОРНИЧНА ПРОЛЕТ

автобус тесен
јас бесен
бесен оти не е есен во пролет
или петок во вторник
бесен и лесен
се враќам од јабана
            изебана
            изабена
не од кур
не од заби
      тук од таксират

## КАКО СО ТОП

не ми треба
којзнае каков трк
за мојот
од дамнина
планиран скок
само ОП
и скок
од овде
до
ѕвездите

## ОД СТРАВ СРАМ

се плашам
да прашам
зад кој агол
господ се крие
сакам
збунет да бидам
кога зад некој агол
него ќе го видам

## ДЕН ПОТОА

херој ќе бидам
на светов и веков
не ќе има ко мене
херој ќе бидам
херој курназ

## ЗА ЦЕНАТА

се ежам од граматика
   и математика
реков 6
мислев 5
се ежам
па сум наежен
па сум маже
   маже нежно
и зошто не
   кога се може
-Но, извинете, колку ви се јажината?

## ВИСТИНА

денес
повторно се затворив
во шифоњерот
крај
      старите палта
      старите чевли
      мртвите молци
се затворив
за да плачам
и плачев

## ЈАС ЈУРИЈ Г.

еднаш дневно
на ракета
      пластична па бела јавам
потоа славам
и во лања се давам
ама уште не се давам
            ако сум удавен

## НЕМА ДУША

не можам
нем во душата да имам
кога нема душа имам
не како без душа
па нема душа
ами
нема па нема
не омаена
не онемена занемена
туку
има ама нема
па сега
да кажам не можам
оти
      имам ама немам

## ПИСМО

мило мое
алипен сум
маанлија
      не табанлија со дус
ил чкулосан
од чкурт чкуртосан
делкан па изделкан
туку нешто
      како недоделкан
мило мое
не сум свое
менувам зборче за чкорче
само за да се запалам
      напалам
      попалам
па во тебе да се истресам
      исцедам
      доцедам
ако се може
а
и којзнае дал ќе можам
мило мое
оти ми се стори
па ќе речам
да не се повтори
оти не е мај втори
      четврти е



## СОБА 31

фисија
па
боловна емисија
и ѕид
      бел
во четири изданија
ко наглуви преданија
и прозорец
      не еден
            многу
и лица
      па и полулица
тие токму
јас петто
и пак фисија
без па
без пардон
само фузија
      на болови
без игра и предигра

## ЕХ

ташам кога ќе го опашам
без ритам и рима
така
      суво
      во време глуво
ех тапан да имам
па да се снимам
      кога тропам
      пред да те копам

## РЕЗ

не капирам и не компонирам
импонирам на фазански фазон
без финансиски резон
само рез
      и тоа
ч и с т   р е з и л

## ЗА РАСКОЛОТ

кучкана
      ем бела
      ем руса
со кол ме колоса
            колосално боже беше
раскол в гради чинам ми стори
            чунки да дишам
но не дишам веќе
            тишам

## ЧЕСТА ЧЕСНОТИЈА

многу често
одненадеж
и мошне поштено
би рекол
некоја силна сила
моќно ме пресретнува
моја станува
и моќен сум
      затоа потоа
од чудното чудо
често
      чесно поштено
би рекол

## ПИЛЕЊЕ

немам сила
ко да имам кила
ах да имам пила
и јас да испилам
      ко што ме испилија
            препилија
ко пиле
      мало
            старо мало

## ФРЛЕН И САМ

ти секаде а јас фрлен
фрлен
таму некаде
каде
во просек
тројца дневно заминуваат
еден во стариот
двајца во новиот дом
фрлен
      без брат
      без сестра
фрлен и сам
а ти секаде

## ЕПП

ПЕПСИ
заборави ги
КОКА КОЛА
заборави ја
пробај ЦИТОСТАТИК
неповторлив вкус на постоењето



## ЉУБОФ

Македонијо земјо
те сакам
не оти немам кого да сакам
туку ете така
колку да се сака нешто
      не вешто ил сешто
      туку што да е
па макар и тебе
Македонијо земјо

## О. К.

добар ти ден
      мистер
денес сабота е
и пазар е
      во градот мој
мил мој
пријатен ти ден
во градот мој
и не заборавај
тие не се пазарат
      ако се пазарџии

## СУМ

од Кина светот доаѓам
дрвен војник сум
твој двојник сум
рече па замина

## УРБАНА ПА БАНАЛНА

луѓе ли сте
или
гадови во туѓи градови
ако луѓе сте
      тогаш останете
      па опстанете
овде
и дотука
зошто тука и само тука
никој на никого не плука
туку тука се пука
      и само се пука

## ОВОЈ ГРАД

запомни
овој град
е и јад
      и страд
      и гроб
      и мрак
      и сѐ
само град твој НЕ

## ПАТРИОТСКА

мочам
оти ми се моча
      а не сум богзнае каков мочло
ама мочам
      и на тебе
      и во тебе
никогаш крај тебе
      мила моја земјо

## ЈАС ТОЛКУ

добро утро добар ден до
вечер
во хиерархија туѓа
јас аздисан па разгиздан
по анархија моја
и ТИ
и ВИЕ
      ДОБРЕДОЈДОВТЕ
овој свет
            мој не е

## конТакт

и денес
сонце гледам
и денес
сонце ме гледа
љубов било тоа
демек
се гледаме
значи
се сакаме
јас
и
сонцето

[redacted]

[redacted]

[redacted]

## ГОЛОТИИ

гола праска
гола скаска
гол градинар
гола градинарка
гола љубов
долга љубов
ко солза гола
ко гола солза

## ТАА

Џулија и Ромео
Покахонтас
и Манојловиќ Мики
тоа е таа
со сета сторија нејна

## АБВ

јас ти и таа
јас сум јас
таа е таа
но
и ти си таа
и пак
добро ни е

## СЀ САМА

мери
се скина сама
и ѝ кажа на мама
трагедија беше тоа
жива
ем крвава

ПАТЕМ РЕЧЕНО ОВА Е СЛИК ЗА МОЈАТА
СОСЕТКА ПРИДОЈДЕНА И НОВОДОЈДЕНА
КАЈ СОПРУГОТ СВОЈ ФУРНАЏИЈА ОД
ТАТКО ФУРНАЏИЈА И МАЈКА ВРЕДНА
ДОМАЌИНКА ОД ДОМА НЕИЗЛЕЗЕНА А ТАА
МЛАДА И ТОЛКУ УБАВА СО МАЖ ИЛИ
МАЖЕ ФУРНАЏИЈА ОД ТАТКО ФУРНАЏИЈА
И ТОЛКУ САМА И ДЕЊЕ И НОЌЕ

голо тело
бело тело
дебело тело
дебело ама цело

## патЕТИКА

ТИ
бараш глобус
за да му подариш небо
ЈАС
барам барем парче земја
за истото да го сторам
НАМ
јасно ни е
само сплав ни треба

## А НИЕ

кога можеме
а
често можеме
бога
кој и онака го немаме
во нас го убиваме
па биваме



## Белешка за авторот

Горан Иванов Крстевски е дематеријализиран на шеснаесеттиот ден од третиот месец на илјада деветстотини седумдесет и првата година во Прилеп, Пелагонија.. Под влијание на црвениот камен социјализмонит тој од суперхерој се трансформира во дегенериран урбан шизик. Живее во убедување дека Елвис е жив а Брус Ли убиен. Работи како главна сенка во нечии луна паркови. Се препознава како негативец во вашите туѓи сликовници. Побарајте го. Во миговите на чекање на сопствената многу посакувана материјализација овој невен со човечки лик сака и сака поза и проезија.

